# Заверка и упис за студентите во повисока година

Заверката на III, V и VII семестар и уписот за студентите во IV, VI и VIII семестар се врши со користење на системот за електронско досие, достапен на адресата

http://dossier.students.finki.ukim.mk/

**Услови за заверување на зимски семестар**

1. Студентот може да го завери зимскиот семестар само ако ги исполнил академските обврски за сите предмети што ги запишал во дадениот семестар.
   - потврда за исполнети академски обврски за предмет претставува добиен потпис од наставникот во индексот на студентот односно во апликацијата за електронско досие.
2. Семестарот може да се завери и без потпис за даден предмет (истиот предмет не може да се полага).
   - Студентот нема право да ги полага испитите по предметите за кои не ги исполнил академските обврски (нема потпис). Овие предмети студентот е должен да ги запише и ислуша во следната учебна година (2012/2013).

**Услови за запишување на ЕКТС летен семестар**

Студентите што завериле зимски семестар според ЕКТС треба да запишат летен семестар.

**Правила за запишување на летен семестар**

1. Секој студент е должен да изврши избор на предмети што ќе ги слуша во овој семестар според следните правила:
   - Бројот на запишаните кредити може да изнесува најмногу 35 кредити.
   - По правило студентот во секој семестар запишува предмети со вкупно 30 кредити.

2. Студентите кои ќе сакаат да запишат поголем број кредити од 35 бараат одобрување (писмено, преку архивата на Факултетот) од продеканот за настава. Услови за запишување на повеќе од 35 кредити се: положени предмети и освоени сите кредити од сите претходно запишани предмети и просечна оцена најмалку 8,5 од положените предмети.

3. При запишувањето на семестарот студентот прво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од предходниот летен семестар , потоа задолжителните предмети од новиот семестар (IV, VI и VIII семестар од соодветната студиска програма) и на крај изборните предмети од новиот семестар.

4. При запишувањето на предметите потребно е да се исполнат одредени предуслови дефинирани со предметните програми. Истите се вградени во системот за електронско запишување и автоматски се проверуваат

5. Студентите имаат право да изберат предмети од другите студиски програми на Факултетот.

6. Студентите кои се во последен семестар од студии покрај горенаведените документи треба да достават и пријава за

дипломски труд со уплатница од 50,00 ден. за административна такса која треба да биде заверена во архивата на Факултетот, доколку ги исполнуваат условите за тоа.

**Процедура за заверка на зимски запишување летен семестар**
Линк до упатство за заверка и запишување.

# Запишување апсолвентски семестар
# (студенти по стара наставна програма)

## Финансиски обврски

- Студентите апсолвенти во државна квота покрај горенведените уплати треба да достават уплатница од **2.230,00** ден. на жиро-сметка на ФИНКИ.
  - **1.230,00** денари за упис на семестар и
  - **1.000,00** денари за повторувач.

- Студентите апсолвенти во квота со кофинансирање покрај горенведените уплати треба да достават уплатница од **3.460,00** ден. на жиро-сметка на ФИНКИ.
  - **2.460,00** денари за упис на семестар и
  - **1.000,00** денари за повторувач.

- Студентите апсолвенти кои пријавиле дипломски труд и истиот нема да го одбранат до 15.09.2011 година должни се да запишат зимски семестар при што покрај потребните документи треба да приложат уплатница во износ од **200,00** денари на жиро сметка на Факултетот (осигурување и уверенија за редовност) и уплатница од **1000,00** ден. за административни трошоци на жиро сметка на ФИНКИ.

Скопје, 27.01.2012 година　　　　Од Деканатот на ФИНКИ - Скопје